Врз основа на член 11 став 1 алинеја 8 од Законот за социјална заштита („Сл.весник на РМ“ бр.104/2019, 146/2019, „Сл.весник на РСМ“ 275/2019) и член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа (2Сл.весник на РСМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево на својата 49.редовна седница, одржана на 29.01.2021 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

**За усвојување на Извештај за реализација на**

**Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2020 бр.08-88/1 од 18.01.2021**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2020 бр.08-88/1 од 18.01.2021 година.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-168/1**

**29.01.2021 година**

**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**Претседател**

**Драган Маневски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 08-881/1
18-01 2021 год.
ДЕЛЧЕВО

# ИЗВЕШТАЈ

## за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2020 година

## I. ВОВЕД/Појдовна основа

Остварувањето на социјалната заштита во Општина Делчево и изработката на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2020 година, се заснова пред се на Законот за социјалната заштита; Законот за заштита на децата; Законот за семејство; Националната програма за развој на социјална заштита во РМ; Програмата за развој на заштитата на децата во РМ и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во Република Северна Македонија, како и надлежностите дадени на општините со Законот за локалната самоуправа и Статутот на Општина Делчево, каде се уредени правата на граѓаните од областа на социјалната, детската и здравствената заштита.

Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2020 година, поблиску ги уредува подрачјата на социјална заштита, специфичните потреби на населението на Општина Делчево и начинот на остварувањето на правото на социјалната заштита, па одтаму Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2020 година, реално ја прикажува оствареноста на Програмата и финансиските импликации кои општината ги имала за реализација на истата.

Програмата го има во предвид самиот процес на децентрализација неговата специфичност и сложеност и функциите кои постапно се пренесуваат од централно на локално ниво.

## II. Предвидени области на делување во Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2020 година

1. **Социјална заштита на стари лица**
2. **Деца и младинци во социјален ризик и ризик од зависности**
3. **Социјална заштита на лица со посебни потреби**
4. **Социјална заштита на социјално- загрозени семејства**
5. **Парична помош и стимулативни мерки за деца, ученици и студенти**

6. **Воведување на социјални услуга-лични односно образовни асистенти**
7. **Општинско корисна работа и јавни работи**

## III. Резултати од евалуацијата

### 1.Социјална заштита на стари лица

Во областа социјална заштита на стари лица со Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2020 година, водени од главната цел а тоа е обезбедување на подобар и посигурен живот на старите и изнемоштените лица, беа предвидени низа активности и тоа: функционирање на тимови за домашна посета, функционирање на тимови за здравствена заштита, воведување на социјална услуга за грижа на стари лица во домот, преку овластен давател на услугата и функционирање на клуб и дневен центар за стари лица .

Од извршената евалуација констатирано е дека активноста –функционирање на тимови за домашна посета на старите лица е реализирана преку Програмата за општинско корисна работа финансирана од УНДП и Општина Делчево. За таа цел Општина Делчево обезбеди тимови од 9 невработени лица, да вршат посета на домовите на старите и изнемоштени лица , со цел да им набават намирници, лекови и др.работи . Овие тимови беа од исклучителна важност посебно за време на пандемијата со COVID -19 , бидејќи старите лица се една од најризичните групи а со посетата од страна на мобилните тимови излегувањето на старите лица од дома е сведена на минимум. Воедно со помош на здравствени работници од локалните здравствени установи , беше обезбедена и посета на старите лица и од страна на тимови за здравствена заштита. Проектот за воведување на социјалната услуга за грижа во домот на стари и изнемоштени лица преку овластен давател на услугата, не е реализиран бидејќи истиот не беше финансиски одобрен од страна на МТСП. Функционирањето на клуб и дневен центар за стари лица е обезбедено од Здружението на пензионери во Делчево.

**Статус на реализираност на активности и средства:**

| Цели | Активности | Статус на реализација на активноста (чекирај) | | | Пречки/ бариери | Искористеност на средства (чекирај и прецизирај износ на средства) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | | Целосно искористени | Делумно искористени | Целосно неискористени | Пренаменети за други потреби |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЦЕЛ 1. | | | | | | | | | |
| Поголема грижа и подобар живот за старите лица | Активност 1. Функционирање на мобилни тимови | да | / | / | / | 486.000 денари | / | / | / |
| | Активност 2. Воведување на социјална услуга преу овластен давател на услугата | / | / | да | Проектот не е одобрен од МТСП | / | / | / | / |
| | | | | | | ВКУПНО: 486.000 денари | | | |

## 2. **Деца и младинци во социјален ризик и ризик од зависности**

Во областа на социјална заштита на деца и младинци во социјален ризик и ризик од зависности, во Програмата за социјална заштита на Општина Делчево за 2020 година , предвидени се низа активности кои ќе се реализираат преку воведување на социјална услуга -советувалиште за млади во социјален ризик и ризик од зависности и нивните семејства. Со овој проект беа предвидени следните активности:

-мобилни тимови за идентификување на децата и нивните семејства
-организирање на вонредни систематски здравсствени прегледи за учениците
-едукација на семејствата
-акција за вклучување на децата во образовниот процес
-превентивни кампањи за злоупотреба на психотропни супстанци
-примена на превентивна програма во училиштата
-психосоцијални интервенции
-кампања за дестигматизација
-функционирање на тимови за домашна посета

-функционирање на тимови за здравствена заштита

**Бидејќи овој проект не е финансиски одобрен од страна на МТСП, дел од активностите се спроведени со помош на стручните соработници во училиштата, здравствените установи и НВО.**

### 3.Социјална заштита на лица со посебни потреби

Единствена институција во општината која згрижува лица со посебни потреби е Дневниот центар за лица со посебни потреби. Но не сите услуги кои им се потребни на лицата со посебни потреби се даваат во тој Дневен центар.Трансформацијата на Дневниот центар за лица со посебни потреби во Центар за поддршка подразбира премин од периферна институција ( лимитирана во испорачување на услуги) во централна база на планирање и организирање на услуги и третман за лицата со поебни потреби на општинско ниво, во соработка со ЈУМЦСР , Општина Делчево и другите релевантни институции.

Тоа подразбира унапредување и проширување на услугите кон поголем број на лица со посебни потреби , согласно план и порграма за работа, и учество во планирање и давање на услуги на локално ниво, како централна институција која кореспонндира во рамките на системот и активно соработува со релевантните институции и граѓанскиот сектор.

Главна цел која ќе се постигне со трансформацијата на Дневниот центар е подобрување на кавлитетот на живеење на лицата со посебни потреби во Општина Делчево, преку градење на системски мерки на услуги со меѓусекторска соработка на ЈУМЦСР, Општина Делчево и НВО секторот за еднакви можности за социјална инклузија во заедницата.

Со унапредување на услугите на постојниот Дневен центар и негова трансформаццција ќе се содадат можности да одговори на потребите на поголем број на лица со посебни потреби на локално ниво и ќе ги овозможи следниве услуги:

- Рана интервенција и ран третман на деца од 1 до 5 годишна возраст, во домашни услови и во рамките на центарот во соработка со Здравствен дом Гоце Делчев Делчево и дополнителна функција со патронажните служби на Здравствениот дом.

- Подршка на деца со посебни потреби во рамките на училишната заедница , за нејзино интегрирање и јакнење на нивните капацитети преку рехабилитационен и едукативен третман во рамките на Училиштето и во Ценмтарот за подршка , согласно потребите.
- Овозможување на третман во рамките на Центарот за подршка кон деца со посебни потреби на основа на часовна артикулација со влез и излес во институцијата без дневен престој.
- Обезбедување на Дневен престој на лица кои имаат реални потреби, земајќи ги во предвид интересите и потребите на родителите.

Центарот за поддршка е алтернативна форма на услуга за лицата со посебни потреби која има централна позиција во и планирањето на потребите и услугите за лицата со посебни потреби на локално ниво во соработка со релевантите институции и организации

Оваа програмска цел ќе биде реализирана преку проектот: Клуб за социјална инклузија „ИНТЕГРА„

Како дел од програмата на МТСП за воведување на социјални услуги за ранливите категории на граѓани на локално ниво, Општина Делчево во партнерски однос со ЗГ „Бравура кооператива„ аплицираше за добивање на грантови за воведување на социјални услуги во заедницата. Добивме известување од МТСП, за одобрен проект во делот „Услуги во заедницата„ . Во најскоро време очекуваме потпишување на Договор за грант со МТСП и партнерската организација ЗГ„Бравура кооператива„ од Делчево, која во овој случај ќе биде давател на услугата. Времетраењето на проектот ќе биде 18 месеци. Вкупниот буџет на проектот е 2.897.484 денари. Побарано од МТСП: 2.574.604 денари. Учеството од ЗГ „Бравура кооператива„ изнесува: 322.880 денари.

## 4.Социјална заштита на социјално загрозени семејства и поддршка на НВО

За остварување на социјалната превенција, Општина Делчево презема мерки за спречување на настанување на социјален ризик за граѓанинот, семејството или група на луѓе, особено преку едукативно-советувалишна работа, развивање на формите на

самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и примена на други методи кои соодветствуваат на потребите на корисниците на социјалната заштита.

Правото на социјална заштита на социјално загрозените семејства, опфаќа воочување на проблемот кој произлегува од состојба на социјален ризик, укажување на корисникот на можните решенија, услуги и средства за негова заштита, како и за мрежата на установи надлежни за давање на услуги.

Правото на помош на поединецот, подразбира примена на форми на стручна, советодавна или советувалишна работа, со која му се овозможува стекнување на потребни информации, оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на социјалните потенцијал

Правото на помош на семејството, опфаќа стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, а особено во односите родители - деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот.

За таа цел Општина Делчево издвојува средства за парична помош за физички лица по основ материјална загрозеност , болничко лекување, елементарни непогоди и смртен случај) и средства за спортски клубови и НВО.

**Статус на реализираност на активности и средства:**

| Цели | Активности | Статус на реализација на активноста (чекирај) | | | Пречки/ бариери | Искористеност на средства (чекирај и прецизирај износ на средства) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | | Целосно искористени | Делумно искористени | Целосно неискористени | Пренаменети за други потреби |
| ЦЕЛ 1. | | | | | | | | | |
| Поголема грижа за ранливи категории на граѓани | Активност 1. Еднократна парична помош за физички лица по основ материјална загрозеност , болничко | да | / | / | / | 523.045 денари | / | / | / |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | лекување, елементарни непогоди и смртен случај) | | | | | | | | |
| | Активност 2. Трансфери за спортски клубови и НВО(спонзорство) | / | да | / | Поради пандемијата не се реализирани предвидените активности | / | 329.000 денари | / | Пренаменети за средства за дезинфекција за справување со COVID 19 |
| | Активност 3. Трансфери за правни лица , здруженија на граѓани и други НВО(спонзорство) | / | да | / | Поради пандемијата не се реализирани предвидените активности | / | 143.000 денари | / | Пренаменети за хуманитарни пакети за справување со COVID 19 |
| | | | | | | Вкупно 523.045 денари | Вкупно 472.000 денари | | |
| | | | | | **ВКУПНО: 995.045 денари** | | | | |

## 5.Парична помош и стимулативни мерки за деца, ученици и студенти

Општина Делчево обезбедува парична помош за секое новороденче во општината, стипендии за учениците и студентите кои потекнуваат од социјално загрозени семејства , парични награди за ученици роми, наградно патување за најдобрите ученици, и паричен подарок за секое прваче.

| Цели | Активности | Статус на реализација на активноста (чекирај) | | | Пречки/ бариери | Искористеност на средства (чекирај и прецизирај износ на средства) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | | Целосно искористени | Делумно искористени | Целосно неискористени | Пренаменети за други потреби |
| ЦЕЛ 1. | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Помош и стимулативни мерки за деца, ученици и студенти | Активност 1. Парична помош за секое новороденче во општината | да | / | / | / | 266.000 денари | / | / | / |
| | Активност 2. Парична помош за првото новороденче во 2020 година | да | / | / | / | 10.000 денари | / | / | / |
| | Активност 3 Ученички стипендии за учебна 2019/20 | Да | / | / | / | 280.000 денари | / | / | / |
| | Активност 4 Студентски стипендии за студиска 2019/20 | Да | / | / | / | 234.000 денари | / | / | / |
| | Активност 5 Стипендии за првенците на генерацијата 2019/20 | Да | / | / | / | 54.000 денари | / | / | / |
| | Активност 6 Наградно патување за најдобрите ученици од СОУ „М.М.Брицо„ за 2020 (поради COVID 19 | Да | / | / | / | 300.000 денари | / | / | / |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | наградното патување е заменето со парична награда ) | | | | | | | | |
| | Активност 7 Парична награда за најдобриот ромски ученик | Да | / | / | / | 10.000 денари | / | / | / |
| | Активност 8 Награда за ученици кои постигнале значајни резултати на државни и меѓународни натпревари | / | / | да | Не е поднесено ниту едно барање за искористување на мерката | / | / | / | / |
| | Активност 9 Паричен подарок за секое прваче во учебната 2020/2021 | Да | / | / | / | 330.000 Денари | / | / | / |
| | | | | **ВКУПНО: 1.443.000 денари** | | | | | |

## 6.Воведување на социјална услуга-лични односно образовни асистенти

Во Програмата за социјална заштита за 2020 година беше предвидено воведување на социјалната услуга лични односно образовни асистенти. Воведување на оваа услуга потребно е да се одвива преку активности на воспитно- образована дејност за деца со попреченост , деца од материјално необезбедени семејства, социјално исклучени и останати категории граѓани семејства. Ангажираните лични односно образовни асистенти за крајни корисници ќе ги имаат децата со посебни потреби односно ученици кои покажуваат послаб резултат во школувањето и тоа во ООУ „"Св. Климент Охридски" , ООУ „Ванчо Прке и СОУ„ Методи Митевски-Брицо" . Слабиот успех, нередновноста во училиштата, недисциплината кај дел од учениците во основните

училишта во Делчево, се одраз на ниският социјален статус на семејствата и нивна дисфункционалност. Основното образование е клучно во градењето на капацитет но и на личноста како човек. Недоволното знаење и лошите резултати во овој период од животот на децата е клучен за понатамошен развој на личноста.
Во случаи во кои родителите не се доволно едуцирани и не можат дури и да сакаат да им помогнат на учениците во извршувањето на нивните секојдневни училишни обрвски, а немаат финансиски средства за приватни часови, учениците се оставени сами на себе да се снаоѓаат како умеат. Овие ученици имаат потреба од дополнителна помош за пишување на домашните задачи, но и за утврдување на потребното градиво.
Со помош на образовните асистенти, кои имаат завршено високо образование од образовните струки, а се невработени, овој проблем ќе се надмине, ќе се олесни пристапот на учениците кон новите знаења, ќе се подобри успехот и ќе се надмине дел од нередовноста на самите ученици.

Во 2020 година преку програмите на МТСП за Општина Делчево беше одобрено финансирање за 3 образовни асистенти, додека личните асистенти не беа одобрени . Насоките од МОН укажуваат на потребата од интегрирање на образовните и личните асистенти во образовниот систем преку редовно вработување на истите.

## 7.Општинско корисна работа и јавни работи

Во Програмата за социјална заштита за 2020 година предвидено е  и спроведување на мерките од програмата општинско корисна работа и изведување на јавни работи, кои мерки се наменети за памагање и времено вработување на невработени лица и лица со со ниски квалификации и кои тешко наоѓаат работа на пазарот на трудот.

Програмата Општинско –корисна работа има за цел :

**-Да им помогне и да обезбеди социјална вклученост** на лицата кои потешко се вклучуваат на пазарот на трудот преку работно ангажирање со скратено работно време заради стекнување на одредени вештини и нивно постепено вклучување на пазар на труд
**-Да ја зголеми понудата на општински услуги** согласно потребите на населението а кои се во надлежност на локалната самоуправа
**-Во сезонскиот период** кога обемот на работните задачи за одржување на јавните зелени површини и јавните прометни површини (улици) е зголемен,  подигање на нови и одржување на постоечките зелните површини во општината, како и изведување на активности на чистење на урбани и рурални средини,се јавува потреба од ангажирање на дополнителен број на работници во Јавното комунално претпријатие а кои се невработени и тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот.

| Цели | Активности | Статус на реализација на активноста (чекирај) | | | Пречки/ бариери | Искористеност на средства (чекирај и прецизирај износ на средства) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | | Целосно искористени | Делумно искористени | Целосно неискористени | Пренаменети за други потреби |
| ЦЕЛ 1. | | | | | | | | | |
| Социјална вклученост на лицата кои потешко наоѓаат работа | Активност 1. Ангажирање невработени лица во Општинско корисна работа во 2020 | да | / | / | / | 1.080.000 денари | / | / | / |
| | Активност 2. Ангажирање невработени лица по основ изведување на јавни работи | да | / | / | / | 3.600.000 денари | / | / | / |
| | | | | | | **ВКУПНО: 4.680.000 денари** | | | |

## IV. Заклучоци и препораки

Социјалната заштита е област која бара постојано прилагодување и адаптирање, како на потребите на корисниците, така и кон реалните можности на општината и државата. Системот на социјална заштита како поддршка на граѓаните кои се во социјален ризик треба да обезбеди услуги со кои ќе се овозможи не само ублажување на последиците туку излез од настанатата состојба. Оваа цел може да се постигне преку развиена мрежа на даватели на услуги на централно и на локално ниво, преку активно вклучување на невладините организации. Во делот препораки упатуваме на следното:

- Редовна и континуирана соработка со Центарот за социјална работа и Центарот за вработување во смисла на континуирана размена на податоци , воспоставување на механизми за информирање и изработка на заеднички стратешки документи,

- Децентрализација на социјалната заштита на локално ниво односно политиките од социјална заштита од национално ниво да се делегираат на општините. Со децентрализирана власт ќе им се овозможи поголема одговорност и можност на општините за остварување на социјалната заштита на граѓаните на локално ниво. Имено општините се тие кои се чекор поблиску до реалните проблеми на ранливите категории граѓани. Сето тоа ќе се постигне со фискална децентрализација која ќе овозможи полесно и директно помагање на граѓаните,
- Формирање на сервисни услуги од страна на општините, преку делегирани надлежности на невладините организации кои работат на полето на социјалната заштита. Сервисните служби имаат низа предности меѓу кои и директната услуга кон корисниците во нивните домови, што посочува на вонинституционална грижа за ранливите категории граѓани и овозможува нивна поголема интеграција во општеството.

Изработил: Сузана Петровска

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
Градоначалник
Горан Трајковски